# Застапеност на употреба на ласер низ ординациите во Источна Македонија

**Лонгурова Н.,** Тонева Стојменова В., Златановска К., Денков Н., Ковачевска И.

Универзитет Гоце Делчев-Штип, Факултет за медицински науки- Дентална медицина

## Вовед

Стоматолошките ласери се модерни алатки кои имаат бројни предности. Истите важат за иновативни алатки и покрај тоа што нивното развивање започнува во доцните 60 години од минатиот век, а нивното користење во стоматолошките ординации во светот пред повеќе од 20 години. За отстранување на тврдите ткива се користат Erbium ласерите како: Er:YAG (erbium:yttrium-aluminium-garnet, 2940 nm) и Er,Cr:YSGG (erbium,chromium:yttrium-scandium-gallium-garnet, 2780 nm).

## Материјал и метод

Целта на овој труд е да се прикаже употребата на ласерот во реставративната стоматологија. Накратко е опфатен неговиот начин на работа, и опфатени се индикациите од ендодонцијата, реставративната и превентивната стоматологија. Направено е истражување со цел да се утврди застапеноста на употреба на ласерот во стоматолошките ординации во источна Македонија.



















## Резултати

Од испитаниците во нашето истражување дали во секојдневната клиничка пракса користат ласер 75% одговориле со НЕ, а 25% одговориле со ДА. Од испитаниците кои поседуваат ласер 85% од оваа испитаничка група поседуваат диоден тип кој го користат при третман во меките ткива, односно мекоткивен тип на ласер, и истиот го користат речиси еднаш месечно, додека 7,5% поседуваат CO2 ласер,кој го користат при третман во меките ткива и 7,5% Er.YAG кои што го користат за третман на тврдите ткива при што истите секојдневно се користат.Од испитаниците кои што не користат ласер 56% сметаат дека ласерот е есенцијална алатка во модерната стоматологија, додека 44% сметаат дека ласерот не е есенцијална алатка во модерната стоматологија. Интересен е фактот дека 67% од испитаниците во оваа група би купиле ласер доколку би имале можност, додека преостанатите 33% не би купиле ласер. Само мал дел од испитаниците на оваа група пациентите побарале третман со ласер (44%).





## Заклучок

Од добиените резултати може да се констатира дека застапеноста на ласерот како модерна алатка во стоматолошките ординации во Источна Македонија е сосема мала, кое најверојатно се должи на самата цена на ласерот, но и на цената на ласерскиот третман.

